**Место на проектот: Охрид**
**Датуми на проект: 21-ви мај - 25-ти мај**
**Број на учесници: 20**
**Работен јазик: македонски и албански јазик**

## ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ ЗА ЛЕТНАТА ШКОЛА ПРОТИВ ГОВОРОТ НА ОМРАЗА:

Оваа година ЦИД ја организира 10-та школа против говорот на омраза.

Летната школа против говорот на омраза ќе собере 20 млади луѓе. Групата млади ќе биде мешана, обезбедувајќи разновидност заснована на пол, етничка припадност, географска локација, религија итн.

Главните теми кои ќе бидат обработени се:
• Справување со говор на омраза;
• Говор на омраза преку Интернет и
• Спротивставување на наративите.

Целокупната цел на летната школа против говорот на омраза е да се стимулираат и поддржат различните механизми за ефективен одговор на говорот на омраза преку Интернет и да се подигне свеста за различното малтретирање преку Интернет со цел да се заштитат правата на сите граѓани.

Обуката ќе биде ко-фасилиатирана двојазично на македонски и албански јазик. Методите на неформално образование ќе се користат за време на обуките и сесиите ќе се состојат од групна работа, симулации, играње улоги и пленарни дискусии кои ќе го диверзифицираат процесот и ќе се прилагодат на способноста на секој ученик. Обуката ќе се спроведе надвор од Куманово со цел да се создаде подобра динамика и градење тим, имајќи ја предвид различноста во групата, но исто така ќе им обезбеди простор на младите да излезат од своите заедници и да размислуваат за прашањата и врски во истата.

## ПРОФИЛ НА УЧЕСНИЦИТЕ:
• 15-20 години
• Заинтересирани за темата
• Високо мотивирани
• Подготвени да учествуваат во сите активности за време и по курсот за обука
• Повикот е отворен за учесници кои доаѓаат од областа на Општина Куманово, Липково и Старо Нагоричане.

**РОК ЗА ПРИЈАВУВАЕ**: **15.05.2021 година**

**Финансиски аспект:**
Патувањето, сместувањето и храната ќе бидат 100% покриени од организаторите